NATIONAL ELECTRICITY MARKET OPERATOR

# МЕМО – ПРАВИЛА ЗА КЛИРИНГ и ФИНАНСИСКО ПОРАМНУВАЊЕ на ОРГАНИЗИРАНИОТ ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

## Содржина


Содржина ....... 2

1 Општи принципи ....... 3

1.1 Предмет на клиринг ....... 3

2 Банкарски сметки ....... 3

2.1 Сметка за порамнувања ....... 4

2.2 Депозитна сметка ....... 4

3 Финансиски гаранции ....... 5

3.1 Обврска за достава на финансиски гаранции ....... 6

3.2 Видови финансиски гаранции ....... 7

3.3 Финансиски гаранции во форма на паричен депозит ....... 7

3.4 Финансиски гаранции во форма на банкарска гаранција ....... 8

3.5 Утврдување на износот на почетните Финансиска гаранции ....... 9

3.6 Барање за враќање на финансиските гаранции ....... 9

3.7 Лимит за тргување ....... 9

*4 Финансиско порамнување* ....... 10

4.1 Регистрација на трансакции ....... 10

4.2 Документ за порамнување и постапка за пребивање ....... 11

4.3 Документ за порамнување ....... 12

4.4 Извештај за пребивање ....... 13

4.5 Фактура ....... 14

4.6 Препраќање на евиденцијата за клиринг ....... 15

4.7 Известување за грешки ....... 15

4.8 Постапка на финансиско порамнување ....... 15

5 Неисполнување на обврски ....... 17

5.1 Настанување на неисполнување на обврските ....... 17

5.2 Мерки во случај на неисполнување на обврските ....... 18

# 1 Општи принципи

**Член 1**

(1) Овие правила ги регулираат обврските за регистрација, издавање на документ за порамнување, фактурирање и финансиско порамнување на трансакции и обезбедување на обврски спроведени од страна на ООПЕЕ.

(2) Клирингот на трансакции склучени на организираниот пазар се врши со користење на Мултилатерален механизам за клиринг.

(3) ООПЕЕ управува со мултилатералниот механизам за клиринг на трансакции, кој обезбедува анонимност на учесниците на пазарот за склучените трансакции.

(4) ООПЕЕ ќе го објави календарот за деновите на финансиско порамнување на неговата веб-страница за дадена година.

(5) ООПЕЕ ќе објави ценовник за надоместоците за учество на пазарот ден-однапред на неговата веб-страница.

## 1.1 Предмет на клиринг

**Член 2**

(1) Предметите на клиринг се сите регистрирани конечни трансакции.

(2) ООПЕЕ обезбедува клиринг на обврски кои произлегле врз основа на регистрираните конечни трансакции на учесници на пазарот и во врска со тоа врши:

а) пресметка на вкупните финансиски обврски и побарувања на учесниците на пазарот,

б) утврдување на нето состојбата на побарувања и обврски на учесниците на пазарот по пребивањето на взаемните побарувања и обврски од ист вид, доколку е применливо,

в) спроведување на финансиско порамнување со оглед на тоа дека се исполнети обврските на учесниците на пазарот.

# 2 Банкарски сметки

**Член 3**

(1) Банкарските сметки ќе бидат отворени во согласност со овие Правила и инструкциите на ООПЕЕ. Учесникот на пазарот е одговорен за сите обврски кон ООПЕЕ за банкарските сметки отворени во негово име.

(2) ООПЕЕ ќе управува со следните сметки во банка:

а) Сметка за порамнувања и

б) Депозитна сметка.

(3) Учесникот на пазарот е обврзан да изврши финансиско порамнување на своите трансакции склучени на организираниот пазар на сметката за порамнувања.

(4) Паричните средствата уплатени врз основа на финансиските гаранции се чуваат на депозитната сметка.

(5) ООПЕЕ може да го користи салдото на депозитната сметка на учесникот на пазарот за плаќање на сите обврски на учесникот на пазарот кон ООПЕЕ.

(6) ООПЕЕ може да отвори нови сметки во банка за цели на клиринг.

## 2.1 Сметка за порамнувања

**Член 4**

(1) Финансиското порамнување на конечни трансакции, кои се предмет на клиринг од страна на ООПЕЕ, ќе се врши преку сметката за порамнувања во банката за порамнувања.

(2) Банката за порамнувања ќе ја води, а ООПЕЕ ќе управува со сметката за порамнувања. Носителот на сметката за порамнување е ООПЕЕ.

(3) Конечните трансакции кои се предмет на клиринг од страна на ООПЕЕ, се конечно порамнети преку безготовински пренос на средства на/од сметката за порамнувања.

(4) Постапката за финансиско порамнување на организираниот пазар е предвидена во точка 5. Финансиско порамнување.

## 2.2 Депозитна сметка

**Член 5**

(1) За секој учесник на пазарот, кој депонира парични средства, ООПЕЕ ќе управува со посебни потсметки наменети за овие средства. Водењето на депозитната сметка е утврдено во одредбите од точка 4.3. Финансиски гаранции во форма на паричен депозит.

(2) Врз основа на неотповикливо овластување на учесниците на пазарот, со средствата во форма на паричен депозит може да располага само ООПЕЕ.

(3) Учесникот на пазарот може да побара од ООПЕЕ извршување на трансакции од/на депозитната сметка.

(4) Сите средства на депозитните потсметки кои се управувани од ООПЕЕ се сопственост на учесниците на пазарот и не може да бидат предмет на побарувања или постапка на извршување врз тие средства од или во име на доверителите на ООПЕЕ.

(5) Депозитната потсметка ќе се води во македонски денари, освен ако ООПЕЕ не утврди поинаку.

(6) ООПЕЕ ќе признае камата на депонираната финансиска гаранција која се води на депозитната потсметка во износ на договорената каматна стапка. Во случај на негативна каматна стапка, учесникот во клирингот го сноси плаќањето на надоместокот кој произлегува од негативна каматна стапка.

(7) Каматната стапка ќе биде додадена на или одбиена од средствата кои се однесуваат на депозитните потсметки во износ, со рокови и на начин утврден во важечкиот протокол за соработка со банката за клиринг.

(8) ООПЕЕ ја плаќа или наплаќа каматата на трансакциската сметка на учесниците на пазарот на првиот работен ден во месецот кој следи по месецот на кој се однесува каматната стапка, или најмалку еднаш годишно. Ако каматните стапки подлежат на данок на задршка, учесникот на пазарот може да го потпише барањето за намалување на данокот на камата согласно Конвенцијата за избегнување на двојно оданочување, во спротивно ООПЕЕ ќе плати камати на деловната сметка на учесниците во клирингот со примена на општата каматна стапка на денот на уплата.

## 3 Финансиски гаранции

**Член 6**

(1) Учесникот на пазарот, пред да отпочне со тргување на организираниот пазар на електрична енергија, доставува финансиски гаранции во согласност со одредбите од точка 4.1 - Обврска за достава на финансиски гаранции, кои не можат да бидат помалку од износите утврдени на почетните финансиски гаранции во согласност со одредбите од точка 4.5 - Утврдување на износот на почетните финансиски гаранции.

(2) Финансиските гаранции од став (1) на овој член можат да бидат во форма:

а) на паричен депозит на депозитната сметка отворена од страна на ООПЕЕ во банка на порамнувања;

б) на банкарска гаранција, чиј корисник е ООПЕЕ.

## 3.1 Обврска за достава на финансиски гаранции

**Член 7**

(1) ООПЕЕ ќе побара од учесникот на пазарот да достави и да одржува финансиски гаранции во утврдените износи како обезбедување за исполнување на неговите обврски кон ООПЕЕ во согласност со овие правилата.

(2) Учесникот на пазар доставува финансиски гаранции кои може да бидат наплатени од страна на ООПЕ за цели на исполнување на финансиските обврски на учесникот на пазарот кон ООПЕЕ.

(3) Финансиските гаранции ќе се наплаќаат до рокот утврден од страна на ООПЕ.

(4) Ако учесник на пазарот нема доволен паричен депозит или има недоволно други финансиски гаранции, учесникот на пазарот мора да достави дополнителни финансиски гаранции во форма, на начин и во рок утврден од страна на ООПЕЕ

(5) Начинот на пресметка на финансиските гаранции ќе биде утврден од страна на ООПЕЕ и пресметката ќе се однесува поединечно за секој учесник на пазарот.

(6) Висината на финансиските гаранции се пресметуваат врз основа на ризикот од неисполнување на обврските на учесникот на пазарот. Ризикот за неисполнување на обврските се однесува на финансиската загуба што ја трпи ООПЕЕ во случај учесник на пазарот да не ги исполни своите обврски што ги презел или што произлегуваат од склучувањето на трансакциите на Организираниот пазар.

(7) Финансиските гаранции обезбедени од страна на учесник на пазарот како финансиска гаранција во согласност со овие правила се де-јуре и де-факто сопственост на поединечен учесник на пазарот и немаат обврска за други цели.

(8) ООПЕЕ ќе побара од учесникот на пазарот да достави почетна финансиска гаранција и доколку е применливо дополнителна банкарска гаранција. Почетните финансиски гаранции ќе бидат доставени во форма на паричен депозит или безусловна банкарска гаранција без приговор, наплатлива на прв повик, согласно овие правила.

(9) Сите трошоци кои произлегуваат во постапката на наплата на финансиските гаранции ќе ги сноси учесникот на пазарот, кој ја доставил финансиската гаранција која се наплаќа.

(10) ООПЕЕ има право да го промени нивото на бараната финансиска гаранција или да побара дополнителни гаранции од учесникот на пазарот, или пак да утврди понизок износ на финансиската гаранција или да врати дел од финансиските гаранции кои се веќе доставени. Финансиските гаранции кои се бараат согласно оваа точка од правилата ќе бидат доставени на барање од и во формата пропишана од страна на ООПЕЕ.

## 3.2 Видови финансиски гаранции

**Член 8**

(1) ООПЕЕ бара почетна финансиска гаранција како паричен депозит или во форма на банкарска гаранција од учесник на пазарот.

(2) Почетна финансиска гаранција ќе биде доставена во форма, на начин и рок утврдени од страна на ООПЕЕ.

(3) Износот на бараната почетна финансиска гаранција ќе биде утврден поединечно за секој учесник на пазарот.

(4) Начинот на пресметка на почетната финансиска гаранција е во согласност со одредбите од точка 4.5 [Утврдување на износите на почетните финансиски гаранции].

(5) Дополнителните финансиски гаранции како парични средства мора да бидат уплатени веднаш на депозитната сметка.

(6) Износот на бараната дополнителна финансиска гаранција ќе биде утврден за секој учесник на пазарот посебно во износ на разликата помеѓу почетната финансиска гаранција и износот не повеќе од пет најголеми изложености во последните три месеци.

## 3.3 Финансиски гаранции во форма на паричен депозит

**Член 9**

(1) Учесникот на пазарот може да ја исполни својата обврска за доставување финансиска гаранција со депонирање на парични средства на депозитната сметка во износот утврден од страна на ООПЕЕ.

(2) За учесникот на пазарот, кој доставува финансиски гаранции во форма на паричен депозит, ќе биде отворена депозитна потсметка на главната депозитна сметка.

(3) Врз основа на неотповикливо овластување издадено од страна на учесник на пазарот за користење на средства на депозитната сметка за финансиско порамнување му дозволува на ООПЕЕ да располага со овие средства.

(4) Ако износот на финансиските гаранции не е депониран на депозитната сметка во утврдениот рок, ООПЕЕ има право да преземе мерки во согласност со точка 6 – Неисполнување на обврски.

(5) Враќањето на паричните средства, кои се депонирани, ќе биде одобрено по налог на ООПЕЕ и гаранцијата ќе му биде вратена на учесникот на организираниот пазар во согласност со одредбите од точка 4.6 [Барање за враќање на финансиските гаранции].

## 3.4 Финансиски гаранции во форма на банкарска гаранција

**Член 10**

(1) Учесникот на пазарот може да ги исполни своите обврски за доставување на потребните финансиски гаранции преку доставување на банкарска гаранција од банка прифатлива за ООПЕЕ.

(2) Пред доставување на банкарската гаранција за цели на исполнување на обврската за финансиски гаранции обврската предвидена во претходната точка, учесникот на пазарот мора:

а) да го извести ООПЕЕ во однос на целта на поднесувањето на банкарската гаранција ;

б) да провери дали ООПЕЕ прифаќа банкарски гаранции од предметната банка и за износот и важноста утврдени пред конечното постигнување на договор со банката за банкарската гаранција.

(3) Прифаќањето или одбивањето на банкарска гаранција е дискреционо право на ООПЕЕ. ООПЕЕ нема да биде должен да дава никаква аргументација за својата одлука да прифати или одбие банкарска гаранција. Истото важи и за изборот на банка и за висината на банкарската гаранција.

(4) Примачот на банкарската гаранција е ООПЕЕ. Банкарската гаранција мора безусловно да содржи клаузула без приговор или клаузула за наплата на прв повик или текст со исто значење. Банкарската гаранција треба да содржи безусловна и неотповиклива гаранција од страна на гарантот дека ќе се обезбеди исплата на износот наведен во банкарската гаранција на прво барање на ООПЕЕ. Банкарската гаранција, исто така, мора да содржи клаузула според која е можно делумно наплата на банкарската гаранција.

(5) Банкарската гаранција мора да биде издадена во форма и/или со текст одобрен од страна на ООПЕЕ.

(6) Доколку банкарска гаранција не е заменета со друга банкарска гаранција или со паричен депозит од засегнатиот учесник на пазарот до 10 дена пред истекот на нејзината важност, ООПЕЕ автоматски ќе го намали лимитот на тргување на засегнатиот учесник на пазарот во износ на банкарската гаранција.

(7) ООПЕЕ ќе ја активира банкарската гаранција, ако учесникот на пазарот не ги исполни своите обврски во договорениот рок. ООПЕЕ ќе го извести учесникот на пазарот дека банкарската гаранција ќе биде активирана, пред истата да биде активирана.

## 3.5 Утврдување на износот на почетните Финансиска гаранции

**Член 11**

(1) Почетната финансиска гаранција ја определува ООПЕЕ врз основа на предвидениот дневен обем на тргување, предложен од учесникот на пазарот, и помножен со предвидената цена.

(2) Износот на почетната финансиска гаранција се утврдува врз основа на очекуваната вредност на тргување за еден ден помножена со коефициент три.

(3) Учесникот на пазарот не смее да настапува на организираниот пазарот на електрична енергија пред да достави почетна финансиска гаранција до ООПЕЕ.

## 3.6 Барање за враќање на финансиските гаранции

**Член 12**

(1) Учесникот на пазарот може да достави барање за целосно или делумно повлекување на финансиската гаранција преку порталот за клиринг или друго средство за електронска комуникација.

(2) Барањето за повлекување на финансиските гаранции не смее да ги надминува потребните финансиски гаранции на учесникот на пазарот, намалени за тековните финансиски обврски на засегнатиот учесник на пазарот.

(3) Ако барањето за враќање на финансиските гаранции ги надминува потребните финансиски гаранции за учество на организираниот пазар, ООПЕЕ ќе го одбие поднесеното барање.

## 3.7 Лимит за тргување

**Член 13**

(1) Врз основа на финансиските гаранции доставени од страна на поединечен учесник на пазарот до ООПЕЕ, ООПЕЕ ќе утврди лимит за тргување за секој ден на тргување.

(2) ООПЕЕ ќе ја пресмета вредноста на лимитот за тргување за секој поединечен учесник на пазарот.

(3) ООПЕЕ ќе го извести учесникот на пазарот за износот на лимитот за тргување или преку Системот за клиринг или на друг соодветен начин.

(4) Лимитот за тргување за учесник на организираниот пазар на електрична енергија се утврдува на следниот начин:

а) Вредноста на лимитот за тргување преставува збир на финансиските гаранции на учесникот на пазарот;

б) Вредноста пресметана во согласност со одредбите од алинеја а) ќе биде намалена за вредноста на нето финансиските обврски на учесникот на пазарот, кои потекнуваат од достасани и недостасани плаќања на пазарот на електрична енергија.

в) За викенд и неработни денови лимитот за тргување е во висина на предвидениот дневен обем на тргување, предложен од учесникот на пазарот.

(5) Учесникот на пазарот може да го зголеми лимитот на тргување со доставување на дополнителна финансиска гаранција и за истото го известува ООПЕЕ во писмена форма.

(6) ООПЕЕ ќе го зголеми лимитот на тргување за поединечниот учесник на пазарот по прием на потврдата дека потребните средства се уплатени на депозитната сметка или по прием на банкарската гаранција.

(7) ООПЕЕ ја следи усогласеноста со лимитите на тргување и го известува засегнатиот учесник на пазарот кога лимитот за тргување е со ниска вредност или кога лимитот за тргување е надминат.

(8) Ако учесник на пазарот не ги зголеми износите на финансиските гаранции откако ќе биде известен во согласност со одредбите од став (7) од овој член, ООПЕЕ може да ги ограничи активностите за тргување на учесникот на пазарот.

# 4 *Финансиско порамнување*

**Член 14**

(1) Предмет на клиринг се сите склучени трансакции на организираниот пазар на електрична енергија, потврдени од ООПЕЕ

## 4.1 Регистрација на трансакции

**Член 15**

(1) Во согласност со овие правила ООПЕЕ ќе ги регистрира сите финални трансакции кои се склучени во име и во корист на учесниците на пазарот во својство на продавач и во својство на купувач.

(2) ООПЕЕ ќе се смета за централна договорна страна на страните за сите регистрирани финални трансакции само за целите на финансиско порамнување.

(3) Со регистрација на финалните трансакции и во согласност со механизам за клиринг, регистрираните финални трансакции може да бидат предмет на новација[1] и/или замена и/или отстапувања до моментот на достасување на правата и обврските.

(4) Преносот на правата, кои произлегуваат од или се стекнати врз основа на овие правила од страна на учесниците на пазарот, може да се изврши само со одобрение на ООПЕЕ..

(5) За регистрираните финални трансакции кои се предмет на мултилатералниот механизмот за клиринг:

1) ООПЕЕ ги презема сите финансиски обврски за секој учесник на пазарот кои произлегуваат од сите негови регистрирани трансакции за купување, зголемени за стапката на применливите даноци, така што ООПЕЕ станува:

а) доверител на учесникот кој врши купување

б) должник кон учесникот кој врши продавање за истиот износ

2) Учесникот на пазарот му ги пренесува на ООПЕЕ сите финансиски права кои произлегуваат од сите негови регистрирани трансакции за продажба, зголемени за стапката на применливите даноци, така што ООПЕЕ станува:

а) должник кон учесникот кој врши продавање

б) доверител на учесникот кој врши купување за истиот износ.

3) Во рамки на поединечен учесник на пазарот, во однос на трансакциите кои се предмет на мултилатерален механизам за клиринг се пребиваат финансиските права и обврски така што:

а) финансиските обврски утврдени во согласност со точка а) од став 1) се пребиваат со правата утврдени во согласност со точка а) од став 2) и

б) финансиските обврски утврдени во согласност со точка б) од став 1) се пребиваат со обврските утврдени во согласност со точка б) од став 2).

4) Останатите финансиски права или обврски по постапката за пребивање во согласност со точка 3) од овој член се трансакции за финансиско порамнување.

(6) Обврската на ООПЕЕ за подмирување на трансакциите, кои доспеваат на секој ден на порамнување, ќе биде ограничена на износот кој фактички се порамнува од страна на учесниците на пазарот.

## 4.2 Документ за порамнување и постапка за пребивање

**Член 16**

[1] Новација - согласно Закон за облигациони односи.

(1) Документот за порамнување за финални трансакции на секој учесник на пазарот се издава посебно за сите трансакции за продажба и купување, кои се однесуваат на поединечен учесник на пазарот во согласност со одредбата од став (2) од точка 4.1 [Регистрација на трансакции]. Извештај за пребивање се доставува во согласност со одредбите од точка 3) во став (5) од точка 4.1 [Регистрација на трансакции] доколку е извршено пребивање во согласност со горенаведените одредби.

(2) ООПЕЕ на секој учесник на пазарот му доставува Извештај за клиринг за сите финални трансакции склучени на организираниот пазар на електрична енергија, која се состои од финални трансакции склучени на организираниот пазар на електрична енергија со физичка испорака која се случува на следниот ден од (00:00 до 24:00).

(3) Ако денот на тргување е работен ден, евиденцијата за клиринг за сите финални трансакции ќе биде издадена на тој ден.

(4) Ако денот на тргување е неработен ден, евиденцијата за клиринг за сите финални трансакции ќе биде издадена на првиот работен ден по денот на тргување.

(5) Нето резултатот од извештајот за пребивање е еднаков на нето резултатот од финансиските права и обврски, кои се наведени во документите за порамнување издадени во согласност со одредбите од став (5) од точка 4.1 [Регистрација на трансакции].

## 4.3 Документ за порамнување

**Член 17**

(1) Документот за порамнување особено се состои од следните елементи:

- Податоци за учесникот на пазарот (купувач или продавач): адреса на друштвото, поштенскиот број, ДДВ број и бројот на банкарската сметка на друштвото;
- Податоци за ООПЕЕ: адреса на друштвото, поштенски број, ДДВ број и број на сметката за порамнување на друштвото, која се води во банката за порамнувања;
- Место и датум;
- Реден број;
- Идентификациски број на учесниците на пазарот;
- Денови на тргување;
- Ден на испорака за извршување на трансакцијата, која произлегува од тргувањето;
- Ден на порамнување;
- Табелата за финални трансакции за купопродажба на електрична енергија се состои од:

а) реден број на позицијата;

б) шифра на група;

в) идентификациски број на трансакција;

г) продукт;

д) денот на испорака;

ѓ) единична цена (во MKD/MWh);

е) количина (во MWh);

ж) основица за пресметка на ДДВ;

з) стапката на ДДВ;

ѕ) износот на ДДВ;

и) вкупна вредност вклучително ДДВ;

- Референтен број;
- Потпис(и) на лицето/лицата овластен/и од страна на ООПЕЕ.

## 4.4 Извештај за пребивање

**Член 18**

(1) За учесникот на пазарот, на чие име се издадени документот за порамнување за купување на електрична енергија и документот за порамнување за продажба на електрична енергија со истиот ден на порамнување, ООПЕЕ ќе достави и Извештај за пребивање на неговите нето финансиски обврски или нето побарувања.

(2) Нето доверителот е учесник на пазарот чии финансиски побарувања ги надминуваат финансиските обврски на одреден ден на порамнување.

(3) Нето должникот е учесник на пазарот, чии финансиски обврски ги надминуваат финансиските побарувања на одреден ден на порамнување.

(4) Извештајот за пребивање на обврските или побарувањата на учесникот на пазарот особено се состои од следните позиции:

- финансиски обврски од документот за порамнување за набавка на електрична енергија;
- финансиски побарувања од документот за порамнување за продажба на електрична енергија;

- Износ на побарувањата или обврските, пресметан како разликата помеѓу финансиските обврски и финансиските побарувања;
- Износ на пребивање;
- Ден на порамнување;
- Банка за порамнувања во која е отворена сметка за порамнувања;
- Број на сметката за порамнувања;
- Повикувачки број;
- Потпис(и) на лицето/лицата овластен/и од страна на ООПЕЕ.

## 4.5 Фактура

**Член 19**

(1) ООПЕЕ издава дневна фактура за конечните трансакции на секој учесник на пазарот ден-однапред посебно за трансакциите за купување и продажба.

(2) ООПЕЕ фактурите од ставот (1) му ги доставува на учесникот на пазарот.

(3) Фактурите особено се состојат од следните елементи:

- Податоци за учесникот во клирингот (купувач или продавач): адреса на друштвото, поштенски број, ДДВ број и број на трансакциската сметка на друштвото;
- Податоци за МЕМО: адреса на друштвото, поштенски број, ДДВ број и број на сметката за порамнувања на друштвото која се води во банката за порамнувања;
- Место и датум на клирингот;
- Вид на фактура: фактура за набавка на енергија, фактура за продажба на енергија (само-фактурирање),
- Идентификациски број на учесниците во клирингот;
- Денови на тргување;
- Ден на испорака;
- Ден на порамнување;
- Табела на финалните трансакции за купопродажба на електрична енергија;

- Референтен број на дневната фактура;
- Потпис на овластено лице на МЕМО.

## 4.6 Препраќање на евиденцијата за клиринг

**Член 20**

(1) ООПЕЕ поединечно ќе ја испрати евиденцијата за клиринг до секој учесник на пазарот ако:

а) денот на тргување е работен ден, во кој евиденцијата за тргување се издава до [13:00 часот] истиот ден;

б) денот на тргување е неработен ден, при што евиденцијата за тргување се издава [13:00 часот] во претстојниот работен ден.

(2) ООПЕЕ ќе ја испрати евиденцијата за тргување до учесникот на пазарот во електронска форма со примена на соодветни средства за достава.

## 4.7 Известување за грешки

**Член 21**

(1) Учесникот на пазарот може да поднесе жалба поради грешки или пропусти во Документот за порамнување и Извештајот за пребивање во согласност со став (1) во точка 4.6 [Препраќање на евиденцијата за клиринг]. Жалбата мора да се поднесе најдоцна [1] (еден) час по рокот утврден во член 20 во овие правила.

(2) Ако учесник на пазарот не достави жалба во однос на документот за порамнување и Извештајот за пребивање во утврдените рокови, ООПЕЕ ќе смета дека Документот за порамнување и Извештајот за пребивање не содржат грешки.

(3) Жалбата од став (1) на овој член го содржи предметот на жалба и истата се доставува по електронски пат.

**(4)** ООПЕЕ ќе одговори по однос на поднесената жалба во рок од четириесет и пет) минути по нејзиното поднесување. Одговорот на ООПЕЕ ќе биде конечен за целите на финансиско порамнување.

## 4.8 Постапка на финансиско порамнување

**Член 22**

(1) Конечните трансакции ја сочинуваат основата за финансиско порамнување.

(2) Финансиското порамнување ќе се реализира преку сметката за порамнувања врз основа на документот за порамнување, земајќи го предвид извештајот за пребивање.

(3) Денот на порамнување на конечните трансакции е еден работен ден по датумот на кој Документот за порамнување и Извештајот за пребивање се издадени за набавка на електрична енергија - нето обврска на учесникот на пазарот.

(4) Денот на порамнување на финалните трансакции е два работни дена по датумот на кој Документот за порамнување и Извештајот за пребивање се издадени за продажба на електрична енергија - нето побарувања на учесникот на пазарот ден-однапред.

(5) Нето должникот мора да ги подмири своите финансиски обврски до 09:45 часот на денот на порамнување со извршување на плаќање на сметката за порамнување. Доколку учесникот на пазарот не ги подмири своите обврски во утврдениот рок, ООПЕЕ ќе ги наплати неговите финансиски гаранции.

(6) Врз основа на документот за порамнување за продажба на електрична енергија и извештаите за пребивање, ООПЕЕ ќе достави до банката за порамнувања платни налози за пренос на средства од сметката за порамнувања до трансакциските сметки на нето доверителите до 14:00 часот на денот на порамнување.

(7) Банката за порамнувања ќе ги спроведе трансакциите врз основа на платните налози примени од ООПЕЕ преку банкарскиот систем во истиот работен ден, односно на денот на порамнување. ООПЕЕ не е одговорен за можното доцнење поради комуникацијата со банкарскиот систем.

(8) Ако учесникот на пазарот не ги исполни своите достасани финансиски обврски, :

а) ООПЕЕ ќе ги наплати финансиските гаранции доставени од учесникот на пазарот и ќе побара од учесникот на пазарот веднаш да ја надополни неговата финансиска гаранција;

б) ООПЕЕ ќе го пребие секој износ, кој таквиот учесник на пазарот може да го прими во следните денови на порамнување, со преостанатата отворена обврска;

в) ООПЕЕ има право да наплати законска казнена камата; и

г) ООПЕЕ стекнува право да го продаде продуктот купен од учесникот на пазарот кој не ги исполнил своите обврски, за кој сѐ уште не е извршено порамнување и да ги покрие достасаните финансиски обврски на учесникот на пазарот

(9) Сите трошоци направени за користењето на финансиските гаранции за покривање на финансиските обврски на учесникот на пазарот ќе му бидат наплатени на учесникот на пазарот, чија финансиска гаранција е активирана.

## 5 Неисполнување на обврски

**Член 23**

(1) За неисполнување на обврски ќе се смета секој инцидент или околност, врз основа на кој ООПЕЕ може да заклучи дека учесникот на пазарот не е способен или се очекува да не биде способен да ги исполни своите обврски.

(2) Во случај на неисполнување на обврските, учесникот на пазарот мора веднаш да го извести ООПЕЕ за сите инциденти кои настанале и за сите случаи на неисполнување на обврските од страна на друг учесник на пазарот, ако стекне сознание за таквите случаи.

### 5.1 Настанување на неисполнување на обврските

**Член 24**

(1) Учесникот на пазарот ќе се смета дека не ги исполнил своите обврски и без да му се даде предупредување во писмена форма преку соодветно средство за достава, ако:

а) Учесникот на пазарот не ги обезбедил финансиските гаранции кои ги бара ООПЕЕ во предвидениот рок или не извршува навремено плаќања за дневно порамнување;

б) учесникот на пазарот не изврши или не исполни некоја од неговите обврски поврзани со физичкото порамнување;

в) учесникот на пазарот не ги плаќа неговите отворени долгови прогласи неликвидност, а со тоа и неможност да ги плати своите долгови или и понатаму не е способен да ги плати. Истото важи и ако против него се покренати постапка за присилна наплата на долгови, стечајна постапка или постапка за ликвидација, со исклучок на случаите каде целта на ликвидацијата е реорганизација на учесникот на пазарот или аквизиција на учесникот на пазарот од страна на трето лице или негово функционирање со трето лице, за што треба да биде издадена претходна писмена согласност за интеграција од ООПЕЕ;

г) наплата, заплена, конфискација и други постапки, кои го оптоваруваат учесникот на пазарот или се покренати против неговиот имот и не е можно да се завршат во разумен временски рок;

д) која било лиценца, овластување или регистрација потребна за вршење на работите на организираниот пазарот е повлечена, задржана, не е издадена, нејзината важност е суспендирана, односно прекината или

ѓ) учесникот на пазарот не успеал да исполни друга обврска кон ООПЕЕ во согласност со овие Правила.

(2) ООПЕЕ има право на обесштетување од учесник на пазарот во случаи на штета, која тој или друг учесник на пазарот ќе ја претрпи за сметка на неисполнување на обврските предизвикано од таквиот учесник на пазарот. Без оглед на настанувањето на случај на

штета кај ООПЕЕ, учесникот на пазарот кој извршил неисполнување во утврдените случаи ќе има обврска да плати договорна казна во износ од 0,5% (половина процент) од преостанатиот износ, а најмалку износ од [30000] (триесет илјади) денари по календарски ден.

## 5.2 Мерки во случај на неисполнување на обврските

**Член 25**

(1) Во случај на неисполнување на обврските, ООПЕЕ може да преземе мерки против учесникот на пазарот во согласност со одредбите од важечките закони, правила и прописи, како и во согласност со овие правила. Пред извршување на секоја преземена мерка, ООПЕЕ може да го сослуша учесникот на пазарот.

(2) При избор на мерките, ООПЕЕ ќе го земе предвид интересот на засегнатиот учесник на пазарот имајќи ги предвид и сопствениот интерес на учесникот на пазарот и интерес за заштитата на уредното тргување на организираниот пазар на електрична енергија и на уредното финансиско порамнување на трансакции.

(3) Мерките од став (1) на овој член особено вклучуваат:

а) предупредување;

б) користење на финансиските гаранции на учесникот на пазарот за покривање на неговите неподмирени обврски;

в) барање на дополнителни финансиски гаранции од учесникот на пазарот,

г) времено исклучување за времетраење на неисполнувањето на обврските, но не повеќе од шест месеци.

(4) Ако учесник на пазарот постапи согласно мерките и ги подмири трошоците направени со покренатите постапки, истиот може да продолжи со активности на организираниот пазар.